**20212403869**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 65 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20 и 163/21), министерот за труд и социјална политика, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ, ОБРАЗЕЦОТ НА БАРАЊЕТО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ОВА ПРАВО

Член 1

Во Правилникот за начинот на остварување на правото на еднократна парична помош, образецот на барањето и потребната документација за остварување на ова право („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 109/19 и 192/20), во член 3 став 2 точката 1 се менува и гласи:

„1. важечка лична карта за државјани на Република Северна Македонија, дозвола за постојан престој на странец, лична карта за признат бегалец, лична карта за лице под супсидијарна заштита или исправа за неевидентирани лица во матична книга на родени, која се доставува само на увид за докажување на идентитетот и државјанството, или поднесено барање за признавање право на азил;“.

Во точката 2 по зборот „родените“ се додаваат зборовите „или извод од посебната матична книга на родени (за неевидентирани лица во матична книга на родени)“.

Во точката 4 по зборот „умрените“ се додаваат зборовите „или извод од посебната матична книга на умрени“.

Во ставот 7 по зборовите „привремена заштита“ се додаваат зборовите „(*) или кој има идентификациона исправа согласно Законот за неевидентирани лица во матична книга на родени“.

Член 2

Прилогот бр. 1 се заменува со нов Прилог бр.1, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

Бр. 10-6137/3
21 октомври 2021 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Јагода Шахпаска**, с.р.

Прилог бр.1

До

ЈУ ____________________

( Центар за социјална работа)

БАРАЊЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ

1. ПОДАТОЦИ ЗА НОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО

| Име | Презиме |
|---|---|
| | |

| Ден, месец и година на раѓање | Место на раѓање | Единствен матичен број |
|---|---|---|
| ____ . ____ . ________ | | ________________ |

ДРЖАВЈАНСТВО____________________

ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ____________________

| Име на татко | Име на мајка | Брачен статус |
|---|---|---|
| | | ☐женет/мажена ☐разведен/а<br>☐вдовец/ца ☐вонбрачна заедница<br>☐непознато |

| Образование | Работен статус |
|---|---|
| ☐Завршено<br>☐Во тек | ☐Вработен ☐Невработен ☐Пензионер |

2. ПОДАТОЦИ ОД ЛИЧНА КАРТА

| Број на лична карта | Издадена од | Датум на издавање | Важност до |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Улица и број | | Населено место | Општина |
| | | | |

3. ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕ (само доколку се разликува од податоците во личната карта)

| Улица и број | Населено место | Општина |
|---|---|---|
| | | |

4.ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА

| Број на трансакциска сметка | Банка | Општина |
|---|---|---|
| | | |

5. ПОДАТОЦИ ЗА ЧЛЕНОВИ НА ДОМАЌИНСТВО:

| Р.бр | Име и презиме и име на родител | ЕМБГ | Живеалиште/ престојувалиште | Сродство со подносителот | Образование | Брачен статус | Работен статус |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | | | | |
| 2. | | | | | | | |
| 3. | | | | | | | |
| 4. | | | | | | | |
| 5. | | | | | | | |

5. ПРИЧИНИ ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Датум и место на поднесување барањето
на барањето

Потпис на подносителот на

______________________________ ______________________________

Потпис на службено лице кое го примило барањето

______________________________

6. ПРИЛОЗИ КОН БАРАЊЕТО КОИ ГИ ДОСТАВУВА НОСИТЕЛОТ:

1. важечка лична карта на граѓанинот на Република Северна Македонија,лична карта за постојан престој на странец, лична карта за признат бегалец, лична карта за лице под супсидијарна заштита или идентификациона исправа за неевидентирани лица во матична книга на родени, која се доставува само на увид за докажување на идентитетот и државјанството (за сите полнолетни членови во домакинството)
2. записник од надлежен орган за претрпена природна непогода, (пожар, поплава, земјотрес)
3. медицинска документација за подолготрајно лекување во странство и потреба од медицинска интервенција за член на семејството (конзилијарно мислење од соодветна клиника за потребата од лекување во странство и решение од Фондот за здравствено осигурување за утврдена партиципација)
4. договор за земјоделско земјиште на плодоуживање во сопственост на Република Северна Македонија;
5. медицинска документација за подолго лекување во здравствена установа (од матичен лекар, лекар-специјалист или отпусна листа)
6. решение од надлежен центар за социјална работа за видот и степенот на попреченост во менталниот и телесниот развој
7. решение за престанок на сместување во јавна установа за згрижување на деца без родители или родителска грижа, односно згрижувачко семејство и
8. известување за потребата од помош за осудено лице по отпуштање од установата за извршување на казната, како и од донесено решение на судијата за извршување на санкции
9. копија на трансакциска сметка